*Јован ПЕЈКОВСКИ*

**УДК: 364–7:338.124.4(100)**
**364–7–044.372(100)**
**338.124.4–027.511:364–7**
Прегледен труд

# СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ВО УСЛОВИ НА КРИЗА

***Кратка содржина***

*Кризата која започна во 2019 и е актуелна и во 2020 година, базира на пандемија и е со здравствено-социјални последици. Коронакризата го потресе светот во невидени размери. Споредбите со претходните кризи укажуваат на драматичност и огромна загуба на човечки животи. Целосната мобилизација на државите бараше од нив да преземаат разни видови мерки. Мерките се здравствени, социјални, економски, правни, политички, хигиенски, образовни, фискални, транспортни, безбедносни итн. Сите тие се комплексни и мултидимензионални, а влијаат на бројни аспекти на животот и на социјалната сигурност на луѓето. Блокадите на границите, запирање на авиотранспортот, железничкиот и друмскиот сообраќај значеше целосна изолација на луѓето. Драстичното ограничување на движењето на луѓето како и последиците од наведените мерки доведоа до социјална несигурност и до појави кои не се целосно објаснети, а кои треба да бидат согледани во бројни научни дисциплини.*

*Меѓу највидливите последици, покрај здравствените се и економските како и социјалните кои непосредно ги почувствуваа сите луѓе. Веројатно уште долг временски период овие мерки ќе продуцираат ограничувања кои се објаснуваат како потреба да се сочува здравјето и социјалната сигурност на луѓето. Во трудот се согледува социјалната сигурност во услови на криза и влијанијата кои се јавуваат од институционалните и системските решенија кои се нудат.*

***Клучни зборови:** СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ, КРИЗА, ИНСТИТУЦИИ, РЕШЕНИЈА, МЕРКИ*

## Вовед

Кризата е иманентна појава на пазарната економија. Цикличните појави на криза се менуваат во приближно десетгодишни периоди. Секоја држава се соочува со рецесиони процеси, но и со кризни потреси. Кризата ја враќа економијата назад, ги успорува растот, развојот и социјалните процеси. Го намалува потенцијалот на општеството кое мора да бара решенија за натамошно продолжување на развојот.

Кризата што се случи во триесеттите години на минатиот век, како и во првата декада од дваесет и првиот век, бараше сериозни зафати од страна на државата за да ги стабилизира економските и финансиските те-

кови. Без тоа системот сам по себе би застанал и би бил обременет со конфликтност и војни. Историското искуство потврди дека без социјална сигурност не е возможна ни економска ни политичка ниту каква било стабилност. Надминувајќи ги кризите либералниот систем наметнуваше нови вредности со тенденција за намалување на трошоците за социјална сигурност.

Коронакризата која е актуелна ги погоди сите и стана глобална пандемија. Државите се затворија и изолираа, а глобалноста и прекинот на патувањата и комуникациите ги мултиплицираа негативните ефекти од кризата. Се зголеми невработеноста како резултат на запирање на бројни дејности и гранки, а следуваат намалени плати, скратување на работното време и неангажирање на работници, затворање фабрики и бројни претпријатија од многу области. Сето тоа се одразува на социјалната сигурност на луѓето, пад на животниот стандард, раст на цените, неодржливост на пензиските системи, појава на глад, што води кон промена на квалитетот на живеење, ограничени здравствени услуги и креирање неповолни социјални состојби. Се цени дека шокот за глобалната економија од Ковид-19 е побрз и посериозен од оној предизвикан од глобалната финансиска криза во 2008 година. За разлика од тогаш, негативниот импакт по економијата сега е видлив за само неколку недели. Социјалната дистанца стана мерило за секојдневно живеење. Секоја компонента на агрегатната побарувачка и потрошувачка, на инвестициите, капиталното трошење, како и во надворешното трговско работење е во слободен пад. Очекувањата се дека овој пад може да биде продлабочен до крајот на годината, а проценките се дека е можно враќање на позитивниот раст во 2021 година.

Во трудот се обработуваат прашања за институционалната основа на сигурноста и како таа се одржува во услови на криза. Одговорите се комплексни и насочуваат кон суштински и системски, а не само кон формални согледувања на потребите на луѓето.

## 1. За социјалната сигурност

Социјалната сигурност во фазата на реализација на стратешките развојни цели и интереси бара системско обликување за да биде постојана и достапна за целото општество. Само така може да се користат ефектите од достигнатото ниво на развиеност и да се одржува стабилноста на системот. Напорите за одржување на економскиот подем ги јакнат основите на социјалниот развој и на социјалната сигурност. Поврзаноста на социјалната сигурност со нивото на развојот го открива влијанието на овие меѓу себе обусловени и причинско-последично поврзани појави. Преку тоа се постигнува попрецизно откривање на појавите во рамките на системската анализа и на каузалните врски на економските и социјалните елементи. Преку согледување на системите кои продуцираат и спроведуваат мерки на социјална сигурност се осознаваат структурите и облиците на сигурнос-

та во рамките на вкупниот општествен систем, а одделно во социјалниот систем.

Социјалниот систем оформува свој институционален оперативен сегмент кој влијае во обликувањето на процесот на развој со цел решавање на конфликтите кои нужно постојат и повремено се јавуваат во социјалниот систем. Овој систем неминовно е насочуван кон постигнување социјална сигурност како предуслов за негово одржување во рамнотежа. Од системските појави и процеси, нивните врски и интеракции зависи можноста за уредување на внатрешните односи и противречности кои постојат во системот, а со тоа и за остварување на социјалната сигурност.

Кризата го нарушува општествениот системот и со тоа нивото на рамнотежа која е воспоставена во рамките на системот на социјална сигурност. Живеењето во услови на социјално и физичко дистанцирање реално ги намалува можностите за социјална инклузија. Информатичката технологија која се применува за комуникација и за следење на состојбите во социјалниот систем базира на потребата од дефинирање на нови принципи и цели на луѓето. Со нарушување на принципите на социјално живеење, а при постоење на индикатори кои не се релевантни, сознанијата за социјалната сигурност се деформираат. Управувачкото ниво, добивајќи деформирани сознанија за процесите во социјалната сфера често не продуцира адекватни мерки кои се применливи за задоволување на социјалните потреби и на сигурноста на луѓето.

## 2. Сигурноста и развојот

Развојот и сигурноста се нераздвојни и меѓусебно поврзани елементи на системот, а од влијанието на овие две компоненти во голема мерка зависи и неговиот опстанок. Онолку колку што се поизвесни развојот и сигурноста, толку поголеми ефекти може да се очекуваат во поглед на работните услови, животните услови и општествените услови во една земја. И обратно, доколку отсуствува социјална сигурност негативните ефекти врз социјалниот развој може да се предвидат.

Политиката што треба да се уредува се однесува на социјалната заштита, здравствената заштита, пензиско-инвалидската заштита, заштитата на семејството, детската заштита, осигурување во случај на невработеност и на другите права поврзани со социјалната сигурност. Социјалниот развој опфаќа делови од политичкиот, технолошкиот и социјалниот напредок и е нераскинливо поврзан со системите во општеството. При анализа на социјалниот систем, најчесто споредбите се фокусираат на економските показатели на развојот.

Факт е дека показателот бруто-домашен производ, кој е синтетички показател за развојните процеси, во услови на криза бележи пад. Со кризата настапува процес на голо преживување и отсуство на раст, растеж и развој. Социјалната сигурност се намалува, бележи негативни тенденции

и тендира кон социјална несигурност. Социјалните компоненти во услови на криза ако ги следат развојните перформанси негативно ќе влијаат на квалитетот на работните, животните и општествените услови. Затоа се неопходни сериозни зафати кои ќе овозможат излез од неповолните состојби, а потоа балансирање на социјалните процеси на долг рок.

**3. Културата и кризата**

Општествата се различни затоа што нивните култури се разликуваат. Државите имаат големи разлики во општествената структура, религијата, јазикот, образованието, економската филозофија, политичката филозофија, развиеноста, формите на социјална сигурност и друго. Три значајни импликации произлегуваат од овие разлики. Првата е потреба за развивање меѓукултурно познавање. Постои потреба не само да се знае дека постојат културни разлики, туку и да се знае што значат тие разлики за односите во социјалната и здравствената сфера и за градењето на социјалната сигурност. Втората импликација ја разгледува врската меѓу културата и етиката при донесување одлуки кои особено се сензитивни во услови на криза. Кризата ги менува сфаќањата за културата и нејзините вредности и може да доведе до конфликти. Третата импликација се фокусира на врската меѓу културата и националната конкурентна предност со оглед дека глобализацијата наметнува нови правила и процеси.

При постоење глобална пандемиска криза некои одлуки се оценуваат како неприфатливи за одредени култури и средини, а за други се дел од специфични културни поимања и сфаќања на луѓето. Различните појдовни позиции во сфаќањето на поимите и социјалните појави може да се мултиплицираат и културата од можност за поврзување да се претвори во средство за разделување и судири меѓу луѓето.

Во услови на криза неопходно е точно информирање за културите и разликите кои постојат со што полесно се разбираат и прифаќаат важните и скапи одлуки во социјалната сфера. Исто така, треба да се внимава на опасностите од етноцентричкото однесување. Заедно со етноцентризмот оди и непочитување или презир спрема културата на други земји и/или народи. Колку и да е лоша и комплексна оваа појава, етноцентризмот е дел од животот, на кој мора постојано да се внимава за да не доведе до блокада на односите меѓу луѓето кои можат да ескалираат во судири и дестабилизација на системот. Во услови на криза овие тенденции имаат комплицирани и често негативни проценки, како и промена на вредносните системи.

Системите на вредности и норми на една земја, културата, етиката, односите и промените влијаат врз трошоците за оформување на системот на социјална сигурност. Системите за финансирање и во тие рамки и системите за социјално и здравствено осигурување, како и за целокупниот систем на социјална заштита и социјална сигурност, кои се под влијание

на културата, во услови на криза лесно се деформираат. Тогаш излегуваат на површина, не само културолошките елементи, туку и сè што ја обликува социјалната сигурност па може да стане предмет на кавги, делби и судири. Колку повеќе се внимава на нивното усогласување, толку полесно се оформуваат општествените цели, насоки на движење и средствата за нивно остварување, односно повеќе се изразени можностите за усогласени движења и во социјалната сфера.

## 4. Економски и финансиски аспекти на сигурноста

Развојот е процес кој се одвива во општествени рамки и е насочен кон остварување повисоки перформанси. За тие да се остваруваат неопходни се економски услови како и финансиски средства за перманентно одржување на системите и одделно на системот на социјална сигурност. Јавните финансии се обврска на државата која треба системски да ги обезбеди средствата преку даноци, такси, царини и придонеси, да ги распредели и да ги прераспредели согласно потребите на буџетските корисници.

Социјалната организираност е од особена важност за остварување на процесите и на оформеноста на институциите кои ја координираат севкупната социјална енергија, знаењето и материјалните и финансиските ресурси. Покрај другото, социјалната сигурност ги опфаќа активностите што се преземаат под услови и на начин утврдени со закон, за заштита на граѓаните кои се неспособни за работа, а немаат средства за издржување. Таа ги опфаќа и граѓаните кои со својата работа и по основ на работа, по основ на законско издржување, по основ на имот и имотни права или на друг начин не можат да обезбедат доволно средства, услови и можности за задоволување на основните животни потреби. Кризата само ги зголемува овие неповолности.

Финансиските аспекти на сигурноста во услови на криза се намалуваат заради неможноста системот на јавни финансии да ги прибере потребните средства и да ги алиментира корисниците. Пренапрегнатоста ги лимитира можностите и се решава со внатрешно и надворешно задолжување без кое се нарушува социјалната рамнотежа. Задолженоста значи намалување на идните можности за раст и развој со оглед дека позајменото мора да се врати од идните генерации и тоа со камата.

## 5. Кризата и институциите

Во услови на криза мошне важен фактор се институциите кои ја продуцираат социјалната сигурност. Доколку овие институции се менацирани на ниско ниво не може да се очекува висок ефект од нив. Негативната селекција при избор на кадри, што постои подолг период, во услови на криза ги прави институциите некомпетентни. Така, несоодветната кадров-

ската екипираност на институциите во услови на криза ја покажа нивната неподготвеност за справување со проблемите кои ги наметна кризата. Напротив, лошото менаџирање, заедно со недоволното искуство, работно и животно, како и експериментирање со неиздржани популистички мерки само ја продлабочи кризата и ја ограничи социјалната сигурност. Исклучивоста во барањето решенија, некористењето на знаење од други извори, неприфаќањето на квалитетни предлози, ги направи институциите лимитирани, но и ранливи и неодговорни доколку нивните предлози доживеат неуспех.

Повикот од власта дека луѓето во криза помалку работат и трошат па треба да им се намалат платите е непознавање на системот на макроекономијата и тежок анахронизам. Или пак сведувањето на платата на голем дел од вработените на минимална плата е незнаење за влијанието на потрошувачката и понудата за растот и развојот. Ако се намалат платите, се намалува данокот, нема обрт, следува банкрот со сериозни последици врз граѓаните што се избегнува во демократски држави.

Казнувањето на луѓето од институциите во однос на платите со одземање на дел од парите е спротивно на нивните уставно и законски загарантирани права. Платата е приватна сопственост и не може да се одземе согласно одлуките од уставните судии.

Во системот влијанието на сопствениците на капиталот е изразено врз целокупното законодавство. За нив е неприфатливо да ги намалат социјалните разлики и воспоставената распределба на добивката и богатството. Наспроти тоа, тие го гледаат неолиберализмот како единствен прифатлив систем што не треба да се менува затоа што е во нивна корист, па и по цена за социјална нестабилност и за излез од кризата.

Со право авторот Joseph E. Stiglitz* (2019) укажува дека во богатите и сиромашните земји, елитите ветија дека неолибералните политики ќе доведат до побрз економски раст и дека разликите ќе се намалат, така што сите, вклучително и најсиромашните, ќе бидат подобри. Сепак, за да стигнат таму, работниците ќе мора да прифатат пониски плати, а сите граѓани ќе мора да прифатат намалување на важните владини програми. Тоа се случува со години и расте незадоволството кај граѓаните.

Новите социјални разлики се идентификувани и во услови на криза е уште потешко да се намалат. Покрај тоа се присутни мерки за наметнување нови акцизни даноци и ограничувања. Тоа особено се изразува во земји кои се соочуваат со недостиг на финансиски средства за решавање на социјалните потреби.

Современите трендови и процеси бараат решенија за социјалните аспекти. Преовладува ставот за обликување нов општествен договор, или поинаку формулирано, договор на класите, кои, ако не се договорат ќе се судрат врз основа на социјалната припадност и врз основа на сопственоста. Несигурноста, што е сè повеќе изразена, неопходно е да се надминува

и да се стабилизира со механизмите на општествено влијание и со финансирање на социјалната сигурност. Со тоа би се овозможило намалување на драстичните социјални разлики кои продуцираат негативни тенденции. Со нов концепт на општествен договор се менува и улогата на институциите кои е неопходно да бидат кадровски оспособени, информатичко и технолошки опремени и со современи пристапи во решавањето на кризата и развојот.

## 6. Излезни можности и заклучоци

Во услови на криза секој обучен работник треба да биде задржан и соодветно платен за по завршувањето на кризата да се активира и веднаш да се врати на работното место. Човечките ресурси се најважен фактор на стопанисување и тој фактор мора да се задржи и мотивира за да може повторно да создава нова вредност.

Големиот процент на невработеност како резултат на кризата има импакт врз пензиските и здравствените системи. Со цел да се спречи социјална криза потребна е итна и координирана акција на власта за отворање нови работни места. Донесувањето програми за намалување на невработеноста со кои брзо се ангажира поголема работна сила стануваат императив за власта. Такви се инфраструктурните проекти, изградба и реконструкција на јавни објекти, со владини субвенции за нови работни места.

На ниво на држава неопходно е да се изгради стратегија на долг рок за излез од кризата. Секоја дејност и гранка е специфична и бара мерки кои ќе помогнат за оживување на економската активност. Се проценува дека кризата ќе трае подолго и се бара мобилизација на целокупното знаење во државата. Не треба да се прават ограничувања од партиската или друга припадност за да се ангажира целокупниот научен и стручен потенцијал во државата во барањето и предлагањето на излезни решенија. Согледувањето на потребите и мерките што ќе направат развоен поттик во економијата станува итна потреба.

Загубите треба да се надоместуваат за одржување на социјалната сигурност. Не само со кредити од комерцијалните банки кои во оваа криза не искажаа подготвеност за граѓаните и стопанството со чии пари тие работат. Нивната нечувствителност и желба да профитираат и во криза на долг рок ќе биде негативен импакт за нив.

Ставот да се штеди и да не се троши во услови на криза е несоодветен па дури и декадентен. Трошоците на кризата веќе се значителни, посебно во здравствениот сектор, транспортот, туризмот, безбедносниот сектор и други сектори, а ќе бидат уште поголеми за да се одржи системот и државата. Тие трошоци ќе бидат на товар и на тековните, но и на идните генерации. Со обмислени стратешки мерки може да се обликува и одржи социјалната сигурност и во услови на криза. Примерите на бројни држави кои внесуваат огромни средства во финансиските текови на државите се

показател и знаење како преку форсирање на потрошувачката и одржување на здравјето на граѓаните се добиваат решенија за излез од кризата.

Дел од фирмите односно компаниите ќе завршат со загуба или ќе банкротираат. Затоа треба државата, односно институциите да им помогнат за да опстојат, да се санираат и ако има услови да продолжат да работат. На тој начин системот се обезбедува за во иднина да може да очекува ефекти од работењето на компаниите на кои им е помогнато, а преку тоа се обезбедуваат вработувањата, даноците и приходите за социјалната сигурност.

Државата ако не го спасува стопанството таа ќе се самоукине. Треба да инвестира кога е најтешко и со тоа да ја раздвижи побарувачката и преку тоа растот и развојот. Ако не се влијае врз кризата таа расте како спирала без да се предвиди нејзиното запирање. Падот на македонскиот БДП се проценува дека ќе биде над 6% потоа следуваат удари на страната на извозот и увозот, на падот на животниот стандард со извесност на пораст на цените и инфлацијата.

Финансиската помош во цел свет се однесува на помош од владините институции на лица од посебни категории кои имаат потреба од поддршка, субвенции или кофинансирање, грантови како поддршка за компаниите кои се соочуваат со финансиски тешкотии. Македонската реалност е различна, со оглед дека финансиската помош повеќе е во форма на позајмица и кредит, што создава незадоволство. Во другите држави од регионот помошта е значителна (на пр. Србија, учествува со помош во износ од 11% од БДП, Бугарија со 9,9%, Грција со 5%, Хрватска и Босна со приближно 3% Албанија со 1,3% проценти од БДП, додека последна е Македонија со 1,2% поддршка).

Се цени дека градежништвото не смее да се намали туку обратно да се форсира и да се инвестира. Тоа е сектор кој активира значителен индустриски потенцијал и го поттикнува развојот. Неопходни се инвестиции во аграрот за производство на храна која поради затворањето на државите станува неопходност за задоволување на потребите на населението. Со инвестиции во хидромелиоративни системи и со активација на водните потенцијали, активирање на каналската мрежа може да се зголеми производството на храна во државата. Исто така се неопходни инвестиции во енергетиката, гасификацијата, инфраструктурни проекти, патишта, железници, телекомуникации итн за надминување на последиците од неоколонијализмот.

Кризата ја истакна потребата на сè поголемата улога на јавно-здравствениот систем во зачувувањето и унапредувањето на здравјето на населението. Тоа бара инвестиции за јакнење и подобрување на инфраструктурата и опременоста на јавните здравствени установи и информатичко заокружување на здравствениот систем, како и набавка на современа медицинска опрема. Здравствените установи треба да се оспособуваат кадров-

ски во стекнување нови знаења преку специјализации и супспецијализации за да бидат постојано активни и да го унапредуваат своето работење.

Неопходни се фискална и финансиска поддршка за фирмите за нивно навремено закрепнување. Тоа ќе ја стимулира понудата, која, со оглед на рестрикциите е намалена, а влијае и на обемот на потрошувачката. Навремени и таргетирани мерки можат да влијаат за стабилизирање на економијата и на социјалната сигурност. Ако не се преземат вакви поттикнувачки мерки продлабочувањето на кризата ќе бара и поголеми зафати, ќе биде поскапо и подолго ќе трае излегувањето од кризата.

Мерките треба да бидат издржани и со подолго траење. Краткорочните мерки со низок ефект немаат прифатливост ниту од стопанството ниту од граѓаните. Незадоволството може да биде притаено и со дестимулирачки ефекти на долг рок. Како ќе се развива стопанството на долг рок, која е развојната стратегија и колку ќе го чини општеството се основни стратешки одлуки кои мора власта итно да ги донесе. Така се воспоставува развојна динамика, а со тоа и социјална сигурност која е битна за државата и за општеството во целина.

Се јавува потреба за нови знаења, нови струки: менаџери и советници за кризи, управувачи со време и ресурси во услови на криза. Тие заедно со ИТ-програмерите се професии на иднината. Вложувањето во едукација на овие кадри треба да се предвиди во курикулумите на ниво на средно и високо образование. Тоа значи во струките да се додаваат елементи на обука како да се управува со кризата која станува секојдневие.

Странските директни инвестиции, иако посакувани и најавувани, се со ограничен домен и ефект, па оттаму ресурсната основа се пронаоѓа во способноста на секоја држава сама да го финансира развојот. Дефинирањето на мерки и политики во доменот на вработувањето и натаму е важна ингеренција на државата односно власта.

Социјалната сигурност се создава и се одржува, таа е скап производ кој бара посветеност. Во услови на криза потребни се оспособени и одржливи институции кои ја создаваат и јакнат социјалната сигурност и системите на кои таа базира. Со луѓето не може да се манипулира, тие се свесни, информирани и оспособени да ги остваруваат своите социјални и основни човекови права. Затоа се потребни пошироки напори на национално и наднационално ниво за постигнување прифатливо ниво на социјална сигурност и достоен приход за секој граѓанин. Промените што се случија како последица од кризата, во сѐ и секаде ги менуваат и луѓето и власта и општеството.

## *Литература:*

STIGLITZ J. (2019) The End of Neoliberalism and the Rebirth of History, available at: https://www.project-syndicate.org/about